Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2021 година**

**Скопје, ноември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска-Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 118-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 ноември 2021 година

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија
  - Информација за доставување на ИПА III стратешкиот одговор 2021-2027 и Акциските документи за 2022 до Европска комисија

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 9.11.2021 година

1. Записник од Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 15 ноември 2021 година и Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 12 ноември 2021 година

2. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот завод за статистика

3. Информација за трансформација на дополнителни доплати во влог во Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со дополнувања и предлог-одлуки

4. Информација за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси, Скопје, во државна сопственост заради избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и на финансиските извештаи, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво-Свети Николе (моторно возило)

6. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Предлог -решение за назначување членови, заменици-членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

7. Информација за  поставување/изградба на петнаесет фитнес зони на територија на Република Северна Македонија

8. Информација за проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта на територијата на Република Северна Македонија

9. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија)

10. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Центар за јавно здравје Тетово)

11. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка рециклирање и уништување на отпад

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови, по скратена постапка

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја

14. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

15. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за класификација на површинските води (*)

16. Предлог-програма за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2021 година

17. Информација за именување на претседател, заменик-претседател, членови и нивни заменици на Координативното тело за координирање и следење на изработката на Просторниот план на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и Предлог-решение

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Челопек вон град, Општина Брвеница, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за одгледување на постбербени активности, откуп и трговија на лешник Сокотера ДООЕЛ Битола, со Предлог-одлука

20. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на штетата од елементарни непогоди во периодот 23.3.2021-13.7.2021 година

21. Информација за одржување на XII Министерска конференција (МС12) на Светската трговска организација (СТО) и учество на Република Северна Македонија во инцијативите на СТО за надополнување на постоечкиот мултилатерален трговски систем

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вилиџ, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Леонардо, Скопје (со седиште на ул. Партениј Зографски бр. 19 Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

24. Предлог на закон за ратификација на Договорот за заемна правна помош во граѓанските предмети меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово

25. Информација за текот и прогресот на спроведувањето на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци, базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ)

26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка

27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка

28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, по скратена постапка

29. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2021 година

30. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка

31. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Нада Михајлова“-Пробиштип од областа на неврологијата

32. Акциски план за имплементација на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од коронавирусот-COVID-19“

33. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението-Национален комитет на меѓународниот совет за споменици и локалитети-ИКОМОС во Македонија-Скопје

34. Предлог-одлука за престанок на времено користење на недвижна ствар на Министерството за култура

35. Информација во врска со подготвен Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај од извршена ревизија на успешност „Капитални трансвери кон ЕЛС од Буџетот на Република Северна Македонија“, со Акциски план

36. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Културолошки студии“ на ЈНУ Институт за македонска литература-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

37. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука)

38. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година

39. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година, Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансира пензиско осигурување ги наплатува од друштвата и Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2022 година, со предлог-одлуки за давање согласност

40. Информација доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија НП бр.896/19

41. Иницијатива поднесена од Круме Чесноски од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.98/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 84 став 1 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.118/2021)

42. Иницијатива поднесена од Душан Димитров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.93/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 40 ставови (3), (4) и (6) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија’’ бр.115/2010, 158/2010, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 153/2015 и 30/2016)

43. Иницијатива поднесена од адвокатите Сашко Јовановски, Даница Трпковска и Златко Јолески, сите од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.95/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразни болести COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 187/2021)

44. Иницијатива поднесена од Николче Мушаревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.101/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на

здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/21)

45. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес и Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.97/2021 и У.бр.99/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 13 точките 2, 10, 11, 12, 13 и 15 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразни болести COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/2020, 269/2020...199/2021)

46. Иницијатива поднесена од Здружението „Центар за напредни истражувања" од Скопје, преку проф. д-р Темелко Ристески како овластено лице, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.116/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 136 став 7 и член 187 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018)

47. Иницијатива поднесена од Мустафа Салиу од с.Житоше, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 59-б став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020)

48. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.85169, за КО Ѓорче Петров 5 Лепенец, на КП бр. 2599

49. Понуда од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на недвижен имот на КП бр.518, дел 1 со Имотен лист бр.1261 за КО Трново, викано место/улица Село

50. Понуда од нотар Магдалена Ордева од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.23422 за КО Велес на КП бр.16957 викано место/улица Раштански пат

51. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.107959, за КО Бутел, на КП бр.5561/3, викано место/улица Хо Ши Мин

52. Понуда од нотар Елена Ристовска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10364 за КО Чардаклија, на КП бр.2261/1, Викано место/улица Село

53. Известување И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1134 и Имотен лист бр.1026 за КО Чучер Сандево-вон град

54. Известување И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1190, КП бр.50 за КО Никиштане

55. Известување И.бр.1160/2020 од извршител Васко Блажевски од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.14453 за КО Кочани

56. Кадровски прашања

57. Прашања и предлози

58. План за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

59. Информација за преземени мерки и активности за спречување на понатамошен ископ на песок од коритото на реката Вардар на потегот од село Уланци до село Криволак

60. Информација за Национална програма за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите во Република Северна Македонија-Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021-2023, со Национална програма

61. Информација за одложување, односно нереализирање на  проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2022 година

62. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во период од 1  јули до 30  септември 2021  година

63. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другиот сосопственик на деловниот простор

64. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

65. Барање за донесување одлуки за продажба на движни ствари (железо и оловни акумулатори), со предлог-одлуки

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (разна опрема)

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (опрема)

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение-Извиднички одред ,,Наум Наумовски-Борче“-Крива Паланка (разна опрема)

69. Предлог-одлука за измена на Одлуката за продажба на деловен простор даден на трајно користење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје

70. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.804)

71. Барање за пренамена на средства од блок дотации од Програмата Н2 (средно образование) на Програмата Н1 (основно образование) во износ од 3.000.000,00 денари, со Одлука за давање согласност за користење на средства од сметка блок дотација од Програма Н2 и Програма Н1, донесена од Советот на Општина Делчево

72. Информација за пренамена на средства во висина од 2.128.920 денари од проектот ,,Доводен цефковод за технолошка вода во индустриска зона во Неокази" за проектот ,,Изградба на атмосферска канализација на дел од улица Миро Барага во Пробиштип во должина од 500 метри"

73. Информација со анализата за потребата од нови центри за вработување во Општина Теарце, Општина Боговиње и Општина Желино

74. Информација за изнаоѓање службени простории на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија

75. Барање за давање на трајно користење на објект сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

76. Барање од Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ-Скопје за користење на дополнителни финансиски средства за режиски трошоци

77. Предлог-одлуки за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Берово (разна стока)

78. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (Имотен лист бр.450, КО Охрид 3)

79. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

80. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година

81. Информација со предлог за донесување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2021 година, со Предлог-одлука

82. Барање доставено од Бошњачки национален совет за покровителство по повод „28 Септември-Денот на Бошњаците", со финансиска конструкција

83. Барање за доделување на земјиште (за гробни места) од Република Северна Македонија за потребите на локалната самоуправа на Општина Росоман, под архивски број 09-434/1 од 29.9.2021 година

84. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година

85. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

86. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20 kV воздушен вод од ТС МХЕ 145 до ТС 35/20 (10) kV КО Говрлево, КО Осинчани, КО Маркова Сушица и КО Долно Соње, Општина Сопиште и Општина Студеничани, со Предлог-одлука

87. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс-Фарма за одгледување на стока и придружни објекти КО Пекљани, Општина Виница, со Предлог-одлука

88. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 со придружни објекти КО Елово и КО Цветово, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

89. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с.Беловодица -Општина Прилеп, со Предлог-одлука

90. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со Предлог-одлука

91. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“ с.Доброшинци-Општина Василево, со Предлог-одлука

92. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево 4/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.86/21), со Предлог-одлука

93. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница

94. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица 3/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/21), со Предлог-одлука

95. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за превоз, трговија и услуги Раг-Компани ДООЕЛ експорт-импорт с.Вешала, Тетово на локалитетот „Прибачево“, Општина Кочани, со Предлог-одлука

96. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -варовник на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште, Општина Долнени 7/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/21), со Предлог - одлука

97. Предлог-одлука за укинување на увозните давачки-царинските стапки при увоз на едра и едрилици

98. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-фелдспат на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово

99. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги Премиум минерали ДТ ДОО увоз-извоз Куманово

100. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“ с.Липково, Општина Липково

101. Барање на Демир Шуаре, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

102. Барање на Џеват Џафче, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

103. Барање на Мејсут Бојда и Ирфана Бојда, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

104. Информација за потребата од подготовка на Програма за изменување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, со Програма за изменување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година

105. Информација за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Раздел 19101-Министерство за локална самоуправа, Програма 4-Активности поврзани со децентрализација. Потпрограма 40-Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464-Разни трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа, со Предлог-одлука

106. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, со Ревидиран оперативен план

107. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (книги)

108. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги)

109. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (книги)

110. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (книги)

111. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Гази Баба

112. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

113. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година

114. Информација за завршување на процесот на воено пристапување и интеграција на Република Северна Македонија во Организацијата на Северноатлантскиот договор

115. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година

116. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година

117. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

118. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“, с.Радибуш, Општина Ранковце бр. 40-8731/1 од 4.8.2021 година како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“, с.Радибуш, Општина Ранковце

119. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на кров и адаптација на тоалет за лица со посебни потреби во ООМУ Ристо Јуруков, Општина Кочани, бр. 40-8675/1 од 4.8.2021 година како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на кров и адаптација на тоалет за лица со посебни потреби во ООМУ Ристо Јуруков, Општина Кочани

120. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на кров на стар објект и на фасада и котлара (стар и нов објект) на ООУ Симче Настовски, село Вратница, Општина Јегуновце, бр. 40-8676/1 од 4.8.2021 година како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор над реконструкција на кров на стар објект и на фасада и котлара (стар и нов објект)

121. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на фасада и кров со санитарни јазли во ООУ Панко Брашнаров, Општина Велес, бр. 40-8689/1 од 4.8.2021

година како и Услуги за вршење стручно-технички надзор при реконструкција на фасада и кров со санитарни јазли

122. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на дел од училишен објект (спортска сала) во ООУ Св. Кирил и Методиј, Општина Велес, бр. 40-8673/1 од 4.8.2021 година како и Услуги за вршење стручно-технички надзор при Реконструкција на дел од училишен објект (спортска сала) во ООУ Св. Кирил и Методиј, Општина Велес

123. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција во ООУ Александар Турунџиев, с.Кукуречани, Општина Битола, бр. 40-8756/1 од 4.8.2021 година како и Услуги за вршење стручно-технички надзор при Реконструкција во ООУ Александар Турунџиев, с.Кукуречани, Општина Битола

124. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во ООУ „Кирил и Методиј“ с.Бучин, Општина Крушево, бр. 40-8710/1 од 4.8.2021 година, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ „Кирил и Методиј“ с.Бучин, Општина Крушево

125. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција и адаптација на столарија, термоизолација на фасада и адаптација на тоалети во СОУ Перо Наков Општина Куманово, бр. 40-8525/1 од 4.8.2021 година како и за Услуги за вршење стручно-технички надзор при реконструкција и адаптација на столарија,термоизолација на фасада и адаптација на тоалети во СОУ Перо Наков Општина Куманово

126. Информација за измена на Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на спортска и гимнастичка сала во СОУ Таки Даскало, Општина Битола, бр. 40-8553/1 од 4.8.2021 година како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на спортска и гимнастичка сала во СОУ Таки Даскало, Општина Битола

127. Информација за измена на Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на фасада и санитарни јазли со внатрешно реновирање во ООУ ,,Дитурија’’, Општина Липково бр. 40-8755/1 од 4.8.2021 година

128. Информација за измена на Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на кровна конструкција и фискултурна сала во ОУ „Никола Карев“, Општина Крушево, бр. 40-8751/1 од 4.8.2021 година

129. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Изградба на кровен покривач на училишен објект на ОУ Перпарими, с.Чегране, Општина Гостивар, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Изградба на кровен покривач на училишен објект на ОУ Перпарими, с.Чегране, Општина Гостивар бр. 40-8528/1 од 4.8.2021 година

130. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на училишен објект на ОУ „Луиѓ Гуракуќи“ подрачно училиште Долна Лешница, Општина Желино бр. 40-8654/1 од 4.8.2021 година

131. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Изградба на нов училишен објект ПУ во с. Долно Блаце, Општина Чучер Сандево бр. 40-8653/1 од 4.8.2021 година

132. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект во населба Визбегово, Општина Бутел бр. 40-8652/1 од 4.8.2021 година

133. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на фасада и промена на внатрешна столарија во СОУ Орде Чопела, Општина Прилеп, како и услуги за вршење стручно-технички надзор при реконструкција на фасада и промена на внатрешна столарија во СОУ Орде Чопела, Општина Прилеп бр. 40-8556/1 од 4.8.2021 година

134. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на кров и партерно уредување во ДСУ Искра Штип, бр. 40-8554/1 од 4.8.2021 година

135. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на под во фискултурна сала и придружни простории во ООУ„Живко Брајковски“ Општина Бутел, како и за услуги за вршење стручно-технички надзор при реконструкција на под во фискултурна сала и придружни простории во ООУ„Живко Брајковски“, Општина Бутел бр. 40-8521/1 од 4.8.2021 година

136. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на подови, поставување на топлотна изолација на надворешна фасада, Реконструкција на санитарни јазли и изградба на тоалет за лица со посебни потреби во Изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски“, Општина Ѓорче Петров, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на подови, поставување на топлотна изолација на надворешна фасада, реконструкција на санитарни јазли и изградба на тоалет за лица со посебни потреби во Изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски“, Општина Ѓорче Петров бр. 40-8718/1 од 4.8.2021 година

137. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на кров, фасада, адаптација на тоалет и изградба на пристапна рампа во ООУ „Никола Карев“ Општина Кочани, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на кров, фасада, адаптација на тоалет и изградба на пристапна рампа во ООУ „Никола Карев“ Општина Кочани бр. 40-8694/1 од 4.8.2021 година

138. Информација за промена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ „Јосип Броз Тито“ с.Жировница, Општина Маврово и Ростуше, како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ „Јосип Броз Тито“ с.Жировница, Општина Маврово и Ростуше бр. 40-8709/1 од 4.8.2021 година

139. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ Карпош, с.Умин, Општина Куманово, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ Карпош, с.Умин, Општина Куманово бр. 40-8697/1 од 4.8.2021 година

140. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на кров на ООУ Св. Климент Охридски Општина Македонски Брод, како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор врз Реконструкција на кров на ООУ Св. Климент Охридски Општина Македонски Брод бр. 40-8750/1 од 4.8.2021 година

141. Информација за измена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на фасада на ООУ Гоце Делчев, Општина Гостивар како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор над Реконструкција на фасада на ООУ Гоце Делчев, Општина Гостивар бр. 40-8672/1 од 4.8.2021 година

142. Информација за отпочнување на процес на Кодификација на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија

143. Информација за тековни предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права

144. Информација за потреба од итна еднократна финансиска помош за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје

145. Информација за тековно работење во АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање за финансиска помош

146. Предлог годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година

147. Предлог програма за изменување и дополнување на Програмата за управување со водите за 2021 година

148. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка

149. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за септември 2021 година

150. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за октомври 2021 година

151. Информација во врска со Барањето на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос со Реф.бр.80

152. Информација во врска со барањето на концесионерот АК хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 118-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 ноември 2021 година.

*

*    *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

  - **Информација за доставување на ИПА III стратешкиот одговор 2021-2027 и Акциските документи за 2022 до Европска комисија**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на ИПА III стратешкиот одговор и програмските документи за 2022 година до Европска комисија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски, како институции координатори на програмските документи за 2022 година, за навремено планирање на финансиските средства за национално кофинансирање во наредните три години од националниот буџет, почнувајќи со Буџетот од 2022 година.

2. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски, како институции координатори на програмските документи за 2022 година, планираните буџетски средства за национално кофинансирање да ги координираат со останатите институции корисници на програмските документи и за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања и Министерство за финансии, најдоцна до 15 декември 2021 година.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, да ги достави финалните верзии на ИПА III стратешкиот одговор и програмските документи за Годишната акциска програма за 2022 година, до Европската комисија, најдоцна до 16 ноември 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да го започнат процесот на подготовки за акредитација на системот за индиректно спроведување на ИПА III и за истиот да ја информираат Владата, најдоцна до јануари 2022 година.

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 9.11.2021 година**

Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски ги информираше членовите на Владата дека согласно планот за борба против корупција, во тек е постапка за промена на стандардно оперативната процедура, односно усогласување со постоечката, за ставање во функција на боди камерите на сите полициски службеници на сите гранични премини на територијата на Република Северна Македонија.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги разгледа и ги усвои Записникот од Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 15 ноември 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 12 ноември 2021 година.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот завод за статистика, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за трансформација на дополнителни доплати во влог во Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со дополнувања и предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлука за дополнување на Одлуката за давање на дополнителни доплати на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (најнов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја даде Изјавата за преземање на нов влог (нов текст), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

5. Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, пречистен текст (нов текст).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси, Скопје, во државна сопственост заради избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и на финансиските извештаи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и на финансиските извештаи на

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост за 2020 и 2021 година, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво-Свети Николе (моторно возило) за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Предлог -решението за назначување членови, заменици-членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, во предложениот текст. Предлог-решението за назначување членови, заменици-членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за поставување/изградба на петнаесет фитнес зони на територија на Република Северна Македонија за некоја од наредните седници на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта на територијата на Република Северна Македонија, за некоја од наредните седници на Владата, откако претходно на барање на Агенцијата за млади и спорт ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Центар за јавно здравје-Тетово), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом-Велес), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови, по скратена постапка, го утврди со тоа што Министерството за финансии да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со Кореспондентна табела и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 170 од Деловникот на Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да изврши усогласување на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со Кореспондентна табела и формулар ЕУ-МК со Секретаријатот за законодавство.

2. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Војо Гоговски, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Саша Јовановиќ, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за класификација на површинските води (*), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлог-решението за именување на претседател, заменик-претседател, членови и нивни заменици на Координативното тело за координирање и следење на изработката на Просторниот план на Република Северна Македонија и го донесе Решението со заклучок текстот на истото да се дополни со заменик-член од Министерството за култура.

**Точка 18**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Челопек вон град, Општина Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Челопек вон град, Општина Брвеница, во предложениот текст доколку предлагачот достави нова Изјава за надомест на евентуална штета од градоначалникот на Општина Брвеница.

**Точка 19**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за одгледување на постбербени активности, откуп и трговија на лешник Сокотера ДООЕЛ Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на штетата од елементарни непогоди во периодот од 23.3.2021-13.7.2021 година за некоја од наредните седници, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика заедно со останатите информации во врска со утврдување на штети од елементарни непогоди (од оваа и од претходни години) кои Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги достави до Владата.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на XII Министерска конференција (МС12) на Светската трговска организација (СТО) и учество на Република Северна

Македонија во инцијативите на СТО за надополнување на постоечкиот мултилатерален трговски систем и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за економија, м-р Крешник Бектеши да ги прифати министерските декларации/изјави објаснети во точките 1.4, 1.5, 1.7 и 1.8 на оваа информација, на XII Министерска конференција (MC12) на Светската трговска организација (СТО), што ќе се одржи од 30 ноември до 3 декември 2021 година во Женева.

2. Се задолжува Министерството за финансии да се произнесе до 18 ноември 2021 година дали се согласува со Финалната индикативна листа на специфични обврски во услуги (Прилог 3 на точка 1.4), што ја подготви Министерството за економија по примерот на Европската Унија, со кое ги преземаме како дополнителна обврска дисциплините содржани во делот 3 од документот INF/SDR/1 за финансиски услуги.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој до 10 декември 2021 година да именуваат претставници, кои во соработка со Министерството за економија ќе учествуваат на обука во Комитетот за земјоделство во СТО во првиот квартал на 2022 година во Женева, за соодветна подготовка на нотификации за домашна поддршка на земјоделски производи од Националниот буџет.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вилиџ, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Вилиџ, Охрид, со седиште на ул. 7 Ноември бр. 179 Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Леонардо, Скопје (со седиште на ул. Партениј Зографски бр. 19 Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за заемна правна помош во граѓанските предмети меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда а за повереници Наташа Десковска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Нада Симјаноска, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на спроведувањето на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци, базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ), како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Зихра Мемети, раководител на сектор во Министерство за труд и социјална политика.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, го утврди како Предлог на закон кој се донесува по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Маја Бичиклиска, државен советник во Министерството за образование и наука.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Нада Михајлова“-Пробиштип од областа на неврологијата, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од коронавирусот-COVID-19“ како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство во рок од 30 дена да подготви Информација за степенот на реализација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од коронавирусот-COVID-19“ кои се однесуваат на Јавните здравствени установи кои биле предмет на ревизија.

**Точка 33**

Владата ги донесе:

- Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура, во предложениот текст и

- Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението-Национален комитет на меѓународниот совет за споменици и локалитети-ИКОМОС во Македонија-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на времено користење на недвижна ствар на Министерството за култура, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со подготвен Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај од извршена ревизија на успешност „Капитални трансвери кон ЕЛС од Буџетот на Република Северна Македонија“, со нов текст на Акциски план и ја усвои Информацијата со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за култура да го реализира Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај од извршена ревизија

на успешност „Капитални трансвери кон ЕЛС од Буџетот на Република Северна Македонија“.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Културолошки студии“ на ЈНУ Институт за македонска литература-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Културолошки студии“ на ЈНУ Институт за македонска литература-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година и притоа го утврди следново мислење:

По Предлогот на финансискиот план за 2022 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

Вкупните расходи-потребни средства за исполнување на планираните обврски во 2022 година изнесуваат 91.742.689 денари, што претставува зголемување за 15,86% во однос на одобрените расходи со Финансискиот план за 2021 година.

Најголем дел од трошоците се зголемени (како што е објаснето по ставки во планот), а предложениот процент на зафаќање од 0,0522% за 2022 година од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија, како и 0,0522% од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, е за 15,86% поголем во однос на одобрените расходи со финансискиот план за 2021 година, одобрен од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Во ставот 5 од член 35 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) е утврдено дека процентот на зафаќање од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија, како и процентот на зафаќање од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, не можат да бидат повисоки од 0,1%, што е исполнето во конкретниот Предлог на финансиски план за 2022 година.

## Точка 39

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година, Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансира пензиско осигурување ги наплатува од друштвата и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2022 година, со предлог-одлуки за давање согласност и притоа го утврди следното мислење:

-Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19 и 103/21), доставува финансиски план за наредната година на усвојување на Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември во тековната година.

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го утврдува Финансискиот план за 2022 година врз основа на реализацијата на Финансискиот план за 2021 година, очекуваните надоместоци и други приходи во 2022 година, реализирањето на започнатите активности и нови активности според годишната програма за работа на МАПАС за 2022 година и планираните расходи за 2022 година.

Согласно доставениот Финансиски план за 2022 година, МАПАС за 2022 година предвидува реализација на вкупни приходи во износ од 75.600.000 денари, што се повисоки за 12,67% во однос на планираните приходи за 2021 година. Во 2022 година, МАПАС очекува од планираните вкупни приходи, 71.000.000 денари да се остваруваат од наплата на надомест од придонеси, кои се повисоки за 12,70% во однос на планираните за 2021 година, додека 3.800.000 денари се планираат да се остваруваат од административни надоместоци, а кои се повисоки за 12,5% и 800.000 денари приходи од камати кои се за 60% повисоки од планираните приходи од камати за 2021 година. Вишокот на приходи над расходи кои Агенцијата ќе ги оствари, изнесува 350.000 денари и истите согласно член 56-а од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ќе ги уплати во резервниот фонд. Вкупни расходи планирани за 2022 година, согласно финансискиот план изнесуваат 75.250.000 денари и истите се повисоки за 13,14% споредбено со вкупните расходи планирани за 2021 година.

Според аналитичкиот преглед на приходи и расходи на Агенцијата, остварените приходите за првите девет месеци од 2021 година изнесуваат 82.049.679 денари, проекцијата на приходите до крајот на годината е во износ од 20.944.479 денари, а вкупните приходи за 2021 година Агенцијата ги утврдила во износ од 74.683.128 денари.

Со оглед на тоа што остварените приходи во првите девет месеци од 2021 година во износ од 82.049.679 денари се значително над износот на планираните приходи за 2022 година (75.600.000 денари), како и тоа што за периодот октомври -декември 2021 година се планира да се остварат уште 20.944.479 денари или вкупно за 2021 година да се остварат 102.994.158 денари, се цени дека Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување треба да го преработи Финансискиот план за 2022

година, односно реално да ги испланира приходите за 2022 година кои произлегуваат од нејзиното работење.

-Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансира пензиско осигурување ги наплатува од друштвата

Со оваа одлука се менува Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од друштвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/13 и 51/14). Имено, според 56 став (3) точка ж) од Законот за капитално финансирано пензиско осигурување, работењето на Агенцијата се финансира од надоместоци што Агенцијата ги наплатува од пензиско друштво, вклучувајќи ги тука и други надоместоци освен тие наведени во Законот, чија висина ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, на која согласност дава Собранието на Република Македонија и истите се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.
Со Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од друштвата, се брише потточката г) од точката 9) од ставот (1) од член 1 од Одлуката, според која Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наплатува од пензиско друштво надомест за пристап кон информациониот систем на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во висина од 30.000,00 денари, еднократно. Со Одлуката се додава нов став (3) на член 1, според кој Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наплатува надомест за пристап кон информациониот систем на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и тоа од:
1) друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови во висина од 100.000 денари, месечно;
2) друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови во висина од 80.000 денари, месечно и
3) друштвото за управување со доброволни пензиски фондови во висина од 20.000 денари, месечно.
Според ова, со измената се зголемува висината на надоместокот што пензиските друштва го плаќаат за пристап кон информациониот систем на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од 30.000 денари на 100.000 денари, 80.000 денари и 20.000 денари во зависност од пензиското друштво и истиот надоместок наместо еднократно ќе се наплатува на месечно ниво. Согласно наведеното се смета дека се работи за големо покачување на износите на надоместокот и Агенцијата треба да ја ревидира Одлуката за надоместоците што ги наплатува од пензиските друштва и врз основа на тоа да се намали висината на надоместоците, со цел да се избегнува оптоварување на системот со непотребни трошоци.

-Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2022 година

Во Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2022 година, висината на надоместокот се предвидува да изнесува 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10), месечниот надомест што Агенцијата го наплатува на товар на пензиските друштва изнесува најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во

пензиските фондови со кои управуваат. Во периодот од 2010 година до 2021 година, МАПАС наплатува надоместок од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Во образложението на Одлуката, Агенцијата наведува дека проекциите покажуваат дека месечниот надомест за 2022 година, како и претходните години, треба да остане во рамките на законски утврдениот лимит од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2022 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија НП бр.896/19 и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018) заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека овој случај претставува предмет на парнична судска постапка, инициран од подносителот на претставката преку сопствениот полномошник, против Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги, кој во моментов се води пред Апелациониот суд во Скопје, по поднесена жалба од подносителот на претставката, против првостепеното Решение за отфрлање на тужбата на Основниот граѓански суд Скопје од 18.12.2020 година, каде Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги, известува дека останува на своите првични ставови во врска со склучувањето на брак на подносителот на претставката.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Круме Чесноски од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.98/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 84 став 1 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.118/2021) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува член 84 став 1 (преодни и завршни одредби) од Статутот кој гласи: „Започнатите мандати на избраните претседател на Комора, членови на органи и тела на Комората во периодот до денот на влегување во сила на овој статут продолжуваат согласно одредбите од овој статут“, а по мислење на подносителот заради повреда на член 52, став 4, член 8 алинеја 3 и алинеја 5 и член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, притоа правејќи аналогија со Изборниот законик.

Се посочува дека со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/2021 од 16.9.2021 година, направена е иста ваква промена на закон, поточно продолжен е мандатот на избрани и именувани лица од 2 (две) на 5 (пет) години и во преодни и завршни одредби е уредено продолжувањето на мандатот да важи и за постојаните членови на Изборната комисија како избрани лица.

Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик

Член 2

Во членот 26 во ставот (4) по зборот „трае“ се додаваат зборовите „пет години“, а зборовите „но не подолго од две години“ се бришат.

Член 28
Одредбата од членот 2 од овој закон важи и за постојниот состав на Државната изборна комисија

Со вака направените измени и предвидено важење и примена на Стаутот на Стоматолошката комора на Македонија [измени-промена на мандат од 4 (четири) на 5 (пет) години и продолжување на мандат на постојани членови и претседател на Комората согласно измената на траење на мандат на членови и претседател на Комора] не е повреден ниту Законот за здравствена заштита, ниту Уставот на Република Северна Македонија.

Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021 и 178/2021) го уредува коморското здружување во Глава XI. КОМОРСКО ЗДРУЖУВАЊЕ со одредбите од член 250 до 266 од Законот за здравствена заштита.

Коморите, согласно член 251 од Законот за здравствена заштита имаат својство на право лице и се запишуваат во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а своето работење и начинот на избор и траење на мандат го утврдуваат и уредуваат со статут кој мора да биде во согласност со Законот за здравствена заштита.

Согласно Законот за здравствена заштита, ограничен е мандатот само на членови на Извршниот и на Надзорниот одбор на Комората за период од 4 години [член 257 став (2) членовите на извршниот одбор се избираат за период од најмногу 4 години и може да бидат повторно избрани најмногу уште еднаш; член 258 став (3) мандатот на членовите на надзорниот одбор изнесува најмногу четири години и со можност за повторен избор најмногу уште еднаш]. Законот за здравствена заштита не го ограничува мандатот на претседателот на Комората и на другите избрани органи и тела, а оставен е избор на Комората тоа прашање да го уреди со статут, како што е сторено и во конкретниот случај.

За уставноста на ова решение, согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија единствено може да е од значење дали тоа се однесува подеднакво за сите лица, односно дали овозможува операционализација на уставното начело за еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, а во конкретниот случај тоа се однесува за сите членови на органи и тела и претседателот на Комората, со исклучок на членовите на Извршниот и Надзорниот одбор чиј мандат е ограничен со Законот за здравствена заштита, па со тоа не се повредува начелото на еднаквост од член 9 од Уставот.

Не е сторена повреда, ниту член 84 од Статутот е во спротивност со член 54 став 4 од Уставот (повратно дејство на закони и други прописи). Член 86 од Статутот предвидува дека Статутот влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија и објавува во „Службен весник Република Северна Македонија“, дополнително со член 85 е уредено дека Статутот на Стоматолошката комора на Македонија од 28.3.2017 година, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2017 престанува да важи, па со член 84 само се опрационализира измената во членовите 19, 35, 36, 40 и 42 од новиот статут.

Владеење на правото и плурализам и слободни, непосредни и демократски избори како темелни вредности на уставниот поредок, немаат никаква врска со оспорениот член од Статутот. Во Статутот и другите внатрешни акти на Комората, но и во Законот за здравствена заштита е предвидена постапка за избор, именување и разрешување и престанок на мандат. Согласно член 13 став 1 алинеја 6 од Статутот на пример, членовите на Комората, согласно член 20, на делегат во Собранието може да му престане мандатот и пред времето за кое е избран, со член 37 е уредена постапката за разрешување на претседател, па траењето на мандатот согласно новиот Статут никако не го ограничува правото на слободни, непосредни и демократски избори, а особено не на начин како е наведено во Иницијативата. Со оглед дека во Иницијативата се поставува хипотеза за можно бесконечно продолжување на мандат спротивно на волјата на гласачите, се поставува прашањето дали ако членовите на органите и телата и претседателот на Комората, кои се избрани за 4-годишен мандат, исполнат некој од условите да бидат отповикани и разрешени, или самите си дадат оставка, и тоа во првата година од нивниот мандат, не ќе ја нарушат волјата на гласачите со оставката или со нивното разрешување.

Имајќи ги предвид претходно цитираните одредби од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со цитираните членови од Законот за здрвствена заштита и Статутот на Стоматолошка комора на Македонија, се укажува дека наведената Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста е неоснована и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесената Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Душан Димитров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.93/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 40 ставови (3), (4) и (6) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија'' бр.115/2010, 158/2010, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 153/2015 и 30/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се бара поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 ставови (3), (4) и (6) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија'' бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), сметајќи дека е во спротивност со член 8 од Уставот на Република Северна Македонија. Исто така, подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе времена мерка за забрана на примена на оспорениот член 40 ставови (3), (4) и (6) од Законот за процена.

Имено, во Иницијативата е наведено дека оспорените законски одредби биле неприменливи, а со тоа создавале непотребно проблеми кај проценителите и субјектите што прават процена на недвижен имот, посебно процена на земјиште.

Притоа, според подносителот на Иницијативата оспорените одредби од член 40 од Законот за процена не биле во согласност со член 8 од Уставот, затоа што не обезбедувале владеење на правото, како темелна вредност на уставниот поредок, со оглед дека оспорениот член во праксата бил неприменлив и нанесувал штета на страните во правната работа.

Според член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;

слободното изразување на националната припадност; владеењето на правото; поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска; политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори; правната заштита на сопственоста; слободата на пазарот и претприемништвото; хуманизмот, социјалната правда и солидарноста; локалната самоуправа; уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право. Во Република Северна Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането.

Според член 40 став (3) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија'' бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), Комисијата за ревизија во рок од три работни дена се произнесува по поднесеното барање со решение:

- со кое констатира дека процената е извршена согласно со закон, методологии и стандарди за процена,

- со кое констатира дека процената, предмет на ревизија, била извршена спротивно на законските одредби, методологии и стандарди за процена, и утврдената проценета вредност отстапува во процент поголем од 10% од вистинската проценета вредност, со решението предметната процена ја става вон сила и дава насоки за изготвување на нова процена и истото веднаш го доставува до овластениот проценувач и

- со кое констатира дека процената, предмет на ревизија, била извршена спротивно на законските одредби, методологии и стандарди за процена, и утврдената проценета вредност отстапува во процент до 10% од вистинската проценета вредност, со решението предметната процена ја става вон сила и го задолжува овластениот проценувач во рок од еден работен ден да изврши корекција во проценетата вредност, и го доставува до овластениот проценувач.

Според став (4) од истиот член, доколку оспорената процена била предмет на извршување во случаите од ставот (3) алинеи 2 и 3 на овој член, Комисијата за ревизија доставува известување до надлежниот извршител дека е донесено решение со кое предметната процена се става вон сила со насоки за изготвување на нова процена и со барање да се прекине со извршувањето на предметот на процена до изготвување на нова процена.

Според став (6) од истиот член, трошоците за ревизија на процената потребни за работа на комисијата и изготвување на материјали како и трошоците за изготвување на нова процена се на товар на лицето подносител на барањето за ревизија на процена, а во случајот од ставот (3) алинеја 2 на овој член трошоците се на товар на овластениот проценувач, како и трошоците за изготвување на нова процена.

Според претходно наведеното, темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди соодветна заштита, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Имајќи предвид дека законите се прогласуваат со указ, а указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието се укажува дека врз основа на членот 75 ставови (1) и (2) од Уставот истиот е прогласен и со указ потпишан од страна на Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Исто така, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

По однос на наведеното, се укажува дека со оспорените одредби не се врши повреда на темелните вредности бидејќи со истата не се загрозуваат признаените слободи и права, ниту пак се повредува системот на владеење на правото.

Според член 8 став (1) алинеи 6, 7 и 10 од Уставот, правната заштита на сопственоста; слободата на пазарот и претприемништвото; и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата се сметаат исто така за едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

При тоа, целта за донесување на овој закон била да се уреди вршењето на процената, областите, условите и начинот на вршење на процената, субјектите кои вршат процена, условите и постапката за полагање на стручен испит за издавање или за одземање на лиценца за овластен проценувач за вршење на процената од соодветна област, награда и надоместок на трошоците за извршената процена, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората на проценувачи, како и други прашања со кои се уредува процената.

Со Законот за процена за прв пат законски беше уредена материјата на процената. Имајќи предвид дека повеќе од една деценија е во примена ова законско решение, потребно е да се согледа и неговата важност во нашето општество при обезбедување на економска стабилност на пазарот.

Оттука, се смета дека подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека Комисијата за ревизија и кога би била стручна временски не е можно да направи процена на предметот што се проценува и да ја утврди пазарната вредност која отстапува од или до 10% од вистинската проценета вредност и дека овој член е неприменлив во пракса, а истиот е одлучувачки во донесувањето на одлука од страна на Комисијата за ревизија и е причина за донесување на дисциплински мерки против проценувачот поради следните причини:

Со членот 5 став (1) од Законот за процена детално се уредени областите во кои се врши процена. Во член 47 став (1) од законот, е предвидено дека, надлежните министерства се должни секој во својата област да изготват програма за спроведување на првата почетна обука, програма за првото полагање на стручниот испит, методологија и да ја спроведат првата почетна обука и полагање на стручниот испит во рок не подолг од осум месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Оттаму, оваа одредба е законски основ за донесување на методологиите од страна на надлежните министерства кои содржат доволно елементи и реални показатели врз основа на кои проценителот ја врши процената, а дополнително законодавецот ја предвидел правната заштита од непочитување на одредбите за вршење процена во член 40 од Законот за процена.

Имајќи го предвид членот 39 од Законот за процена каде е утврдено дека Комисијата за ревизија на процената се состои од пет члена и нивни заменици од кои два члена се избираат од страна на Комората за проценители и тројца членови се избираат од страна на надлежниот министер од соодветната област за што се врши процената, се укажува на тоа дека заради постоење повеќе области во кои се врши процената, законодавецот

предвидел и донесување на методологии за вршење процена од страна на надлежните министерства.

Имено, по разгледување на сите теоретски и практични причини се смета дека е оправдана одредбата министерствата коишто според овој закон донесуваат методологии од соодветна област, да учествуваат во Комисијата при вршење на ревизија на процена сметајќи дека станува збор за стручни лица со подолго искуство, со потврдено знаење од соодветната област, со високи етички и морални карактеристики.

Во оваа смисла, поднесеното барање за ревизија мора да биде поткрепено со факти и докази дека е сторена некоја повреда на законите, правилата содржани во методологиите или други правни акти од соодветната област за да се утврди правилно нејзината основаност, за што Комисијата донесува заклучок за тоа дали процената има недостатоци или во целост ќе одлучи да ја поништи.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека се неосновани наводите за противуставност на одредбите на член 40 ставови (3), (4) и (6) од Законот за процена, во смисла дека не се обезбедувало владеење на правото како темелна вредност на Уставот на Република Северна Македонија, туку напротив со истите се има за дел да се обезбеди правната сигурност на субјектите во правниот промет.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од член 40 ставови (3), (4) и (6) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), се во согласност со одредбите од член 8 од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе Решение со кое нема да се поведе постапка за оценување на уставноста на член 40 ставови (3), (4) и (6) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија'' бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16) .

## Точка 43

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатите Сашко Јовановски, Даница Трпковска и Златко Јолески, сите од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.95/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразни болести COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/2021) и притоа го утврди следново мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритни за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/21), со кој е пропишано:

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на

населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21, 55/21, 58/21, 64/21, 65/21, 75/21, 87/21, 94/21, 100/21, 106/21, 109/21, 113/21, 116/21, 119/21, 126/21, 133/21, 139/21, 141/21, 146/21, 153/21, 162/21 и 176/21), во член 13 по точката 10 се додаваат две нови точки 11. и 12. кои гласат:
„11. Се забранува влез во секаков вид на објект, вклучително и во угостителски објекти, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица, за настан од секаков вид (прослава, веселба, свадба, роденден, крштевка, концерт, семинар, обука, работилница, конференција, културен или спортски настан), без поседување и приложување на потврда за извршена имунизација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина, почнувајќи од 16 август 2021 година.

Наредената мерка од ставот 1 од оваа точка, задолжително се применува и за организација, работа и присуство/учество и на секаков вид на настан на отворен простор, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица.

Потврдата од ставот 1 од оваа точка, не се однесува за лица под 18-годишна возраст.
12. Се забранува организација и работа без ангажирање и присуство на редарска служба, во објекти, капацитети, простории кои даваат услуги кон корисници-угостителски објекти, кафетерии, барови, ноќни клубови (дискотеки), како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерт, семинар, обука, курсеви, состаноци, работилница, конференција, културен или спортски настан), почнувајќи од 16 август 2021 година.“.

Точката 11 станува точка 13.“

Според подносителот на Иницијативата, мерките пропишани во оспорената одредба, се во директна спротивност со членовите 9, 10, 11 и 27 од Уставот, а кои се однесуваат на еднаквоста на граѓаните во нивните слободи и права, неприкостновеност на правото на живот, неприкосновеност на физичкиот и моралниот интегритет, како и правото на слободно движење на граѓаните.

2. Во членот 27 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено:

„Член 27
Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.

Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.
Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.“.

Членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија вели:

„Член 39
На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.“.

Во член 55 од Уставот на Република Северна Македонија е предвидено:

„Член 55
Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.
Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.
Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.“

Со член 28 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/2016 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20 ), е предвидено:

„Член 28
Лицата кои се заболени од заразни болести кои можат непосредно да се пренесат на други лица се изолираат во текот на лекувањето. Лицата заболени од колера, цревен тифус и паратифус, чума, антракс, бруцелоза туберкулоза, лепра, тетанус, дифтерија, менингококна болест, гасна гангрена, болеста од ХИВ, легионерска болест, повратна треска, пегав тифус, Брил-Зинцерова болест, детска парализа, беснило, вирусен енцефалит пренесен со крлежи, други вирусни енцефалити, жолта треска, хеморагични househol треска, маларија и лајшманијаза задолжително се лекуваат во здравствени установи за лекување на заразни болести.

Лицата заболени од коронавирус COVID-19 задолжително се лекуваат во јавни здравствени установи.
По исклучок од ставот 3 на овој член, лицата заболени од коронавирус COVID- 19, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија или во домашни услови, доколку за тоа постојат услови.
Доколку во јавните здравствени установи од ставот 3 на овој член, се исполнети капацитети за лекување на лицата заболени од коронавирус COVID- 19, доколку кај лицата примени во приватната здравствена установа во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот SarsCov-2 вирус за заразната болест коронавирус COVID-19 во нивниот организам, како и во други случаи (недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавната здравствена установа и слично), по претходно дадена согласност од страна на Министерството за здравство, лекувањето на лицата може да се врши и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија.

Заради спречување на ширењето и сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението, можат да се наредат следниве времени мерки:

1. носењето лична заштита на лицето (респираторна маска, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично) при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на

пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени установи и слично), освен:
1) при спортување на отворен простор или на затворено со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
2) при возење во приватно патничко моторно возило ако возачот е сам или со лице/лица со кој/коишто живее во заедница;
3) при престојување во двор на семејна куќа, сам или со лице/лица со кој/кои што заедно живеат во заедница;
4) при седење во угостителски објект со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
5) ако се користи друг тип на заштитна опрема специфична за определеноѓ работно место;
6) ако лицето е помладо од 6-годишна возраст (дете) и
7) ако лицето има специфична здравствена состојба, е лице со посебни потреби или е лице со пречки во развој поради што носењето на лична заштита на лицето би било проблематично или контраиндицирано.

2. задолжителна самоизолација при тестирање за коронавирус COVID-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен;

3. забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонокието и

4. други мерки утврдени со закон.
Мерките од ставот 6 на овој член траат додека постои опасност од ширење на епидемијата.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство одлучува кои од мерките од ставот 6 на овој член ќе се применат, случаите во кои ќе се применат и за кој временски период.

Во здравствените установи за лекување на заразните болести задолжително се изолираат и лицата за кои се сомнева дека боледуваат од колера, чума, вирусни хеморагични househ (Ebola, Lassa и Marburg), детска парализа и дифтерија.
За заболени од белодробна чума и вирусни хеморагични househ (Ebola, Lassa и Marburg) кои се пренесуваат од човек на човек, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин).

Лицата кои се заболени од други заразни болести, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во други здравствени установи или домашни услови, доколку за тоа постојат услови.“.

Во член 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести е пропишано:

„Член 58
Кога со мерките пропишани со овој закон не е можно во Република Македонија да се спречи внесување и ширење на одредени заразни болести, Владата на Република Македонија на предлог на Министерството може да ги нареди
следниве мерки:
1) да одреди услови за патување, како и мерки и услови при враќање од држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;

2) да забрани патување во држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
3) да воспостави посебен режим на движење или да забрани движење на населението во заразените, односно загрозените подрачја;
4) да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места, додека трае опасноста одѓ ширење на заразната болест;
5) да ограничи или забрани промет на одделни видови на стоки и производи и
6) други мерки пропишани со овој закон.“.

3. Согласно претходното, Уставот на Република Северна Македонија гарантира слободи и права на граѓаните, но истовремено предвидува и исклучоци со кои се ограничуваат истите заради заштита на здравјето на луѓето. Во оваа насока е и уставната одредба која предвидува право, но и должност на граѓанинот да го чува и унапредува не само сопственото здравје, туку и здравјето на другите.

Токму заради операционализација на овие одредби од Уставот со Законот за заштита на населението од заразни болести е предвидена можноста заради заштита на здравјето на луѓето да се преземат мерки кои иако значат ограничување на некои слободи и права на граѓаните, немаат за цел ограничување на слободите и правата на граѓаните туку се оправдани заради заштита на здравјето на граѓаните.

Оттука, оспорената Одлука е само примена на горенаведените одредби во конкретна ситуација кога се исполнети сите услови за определување на мерките предвидени со Одлуката.

***

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/21) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/21).

**Точка 44**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Николче Мушаревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.101/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.199/21) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/21), со кој е пропишано:

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21, 55/21, 58/21, 64/21, 65/21, 75/21, 87/21, 94/21, 100/21, 106/21, 109/21, 113/21, 116/21, 119/21, 126/21, 133/21, 139/21, 141/21, 146/21, 153/21, 162/21 и 176/21), во член 13 точката 11., која станува точка 12. се менува и гласи:

„12. Се забранува влез во секаков вид на објекти од отворен и затворен тип, угостителските објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и се забранува влез каде што се одржува настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани), на посетители/гости/лица, без поседување и приложување на еден од следните документи:

-сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку прва доза на вакцина против заразната болест COVID-19 и

-сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1 и 2 од оваа точка, не се однесува за лица под 18-годишна возраст.

Наредена мерка од ставот 1 од оваа точка, задолжително се применува и за влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.“.

Според подносителот на Иницијативата, мерките пропишани во оспорената одредба, се во директна спротивност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9 став 1, член 16 став 1, член 27 став 1, член 54 став 1 од Уставот, а кои се однесуваат на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот, еднаквоста на граѓаните во нивните слободи и права, гарантирањето на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, правото на слободно движење и ограничувањето на слободите и правата само во случаи утврдени со Уставот.

Исто така, подносителот на Иницијативата наведува дека во членот 28 од Законот за заштита на населението од заразни болести се уредени мерките кои може да се преземат заради спречување на ширење на заразна болест предизвикана од вирусот COVID-19, каде не е предвидено на невакцинираните лица да им се оневозможи влез во определен тип на објекти, а во членот 33 од Законот е определено за кои болести е

задолжително вакцинирањето, но таму не било наведено дека е задолжително вакцинирањето против COVID-19-SARS-CoV-2.

2. Во членот 27 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено:

„Член 27
Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.

Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.

Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.“.

Членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија вели:

„Член 39
На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.“.

Во член 55 од Уставот на Република Северна Македонија е предвидено:

„Член 55
Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.
Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.
Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.“.

Со член 28 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20 ), е предвидено:

„Член 28
Лицата кои се заболени од заразни болести кои можат непосредно да се пренесат на други лица се изолираат во текот на лекувањето.

Лицата заболени од колера, цревен тифус и паратифус, чума, антракс, бруцелоза туберкулоза, лепра, тетанус, дифтерија, менингококна болест, гасна гангрена, болеста од ХИВ, легионерска болест, повратна треска, пегав тифус, Брил-Зинцерова болест, детска парализа, беснило, вирусен енцефалит пренесен со крлежи, други вирусни енцефалити, жолта треска, хеморагични трески, маларија и лајшманијаза задолжително се лекуваат во здравствени установи за лекување на заразни болести.

Лицата заболени од коронавирус COVID-19 задолжително се лекуваат во јавни здравствени установи.

По исклучок од ставот 3 на овој член, лицата заболени од коронавирус COVID-19, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија или во домашни услови, доколку за тоа постојат услови. Доколку во јавните здравствени установи од ставот 3 на овој член, се исполнети капацитети за лекување на лицата заболени од коронавирус COVID-19, доколку кај лицата примени во приватната здравствена установа во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот Sars-CoV-2 вирус за заразната болест корона вирус COVID-19 во нивниот организам, како и во други случаи (недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавната здравствена установа и слично), по претходно дадена согласност од страна на Министерството за здравство, лекувањето на лицата може да се врши и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија. Заради спречување на ширењето и сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението, можат да се наредат следниве времени мерки:

1. Носењето лична заштита на лицето (респираторна маска, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично) при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени установи и слично), освен:
1) При спортување на отворен простор или на затворено со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
2) При возење во приватно патничко моторно возило, ако возачот е сам или со лице/лица со кој/кои што живее во заедница;
3) При престојување во двор на семејна куќа, сам или со лице/лица со кој/коишто заедно живеат во заедница;
4) При седење во угостителски објект со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
5) Ако се користи друг тип на заштитна опрема специфична за определено работно место;
6) Ако лицето е помладо од 6-годишна возраст (дете) и
7) Ако лицето има специфична здравствена состојба, е лице со посебни потреби или е лице со пречки во развој, поради што носењето на лична заштита на лицето би било проблематично или контраиндицирано.

2. Задолжителна самоизолација при тестирање за коронавирус COVID-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен;

3. Забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонoќието и

4. други мерки утврдени со закон.

Мерките од ставот 6 на овој член траат додека постои опасност од ширење на епидемијата.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство одлучува кои од мерките од ставот 6 на овој член ќе се применат, случаите во кои ќе се применат и за кој временски период.

Во здравствените установи за лекување на заразните болести задолжително се изолираат и лицата за кои се сомнева дека боледуваат од колера, чума, вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Marburg), детска парализа и дифтерија.

За заболени од белодробна чума и вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Marburg), кои се пренесуваат од човек на човек, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин).

Лицата кои се заболени од други заразни болести, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во други здравствени установи или домашни услови, доколку за тоа постојат услови.“.

Во член 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести е пропишано:

„Член 58
Кога со мерките пропишани со овој закон не е можно во Република Македонија да се спречи внесување и ширење на одредени заразни болести, Владата на Република Македонија на предлог на Министерството може да ги нареди следниве мерки:
1) Да одреди услови за патување, како и мерки и услови при враќање од држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
2) Да забрани патување во држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
3) Да воспостави посебен режим на движење или да забрани движење на населението во заразените, односно загрозените подрачја;
4) Да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места, додека трае опасноста од ширење на заразната болест;
5) Да ограничи или забрани промет на одделни видови на стоки и производи и
6) Други мерки пропишани со овој закон.“.

3. Согласно претходното, Уставот на Република Северна Македонија гарантира слободи и права на граѓаните, но истовремено предвидува и исклучоци со кои се ограничуваат истите заради заштита на здравјето на луѓето. Во оваа насока е и уставната одредба која предвидува право, но и должност на граѓанинот да го чува и унапредува не само сопственото здравје, туку и здравјето на другите.

Токму заради операционализација на овие одредби од Уставот, со Законот за заштита на населението од заразни болести е предвидена можноста заради заштита на здравјето на луѓето да се преземат мерки кои иако значат ограничување на некои слободи и права на граѓаните, немаат за цел ограничување на слободите и правата на граѓаните туку се оправдани заради заштита на здравјето на граѓаните.

Оттука, оспорената одлука е само примена на горенаведените одредби во конкретна ситуација кога се исполнети сите услови за определување на мерките предвидени со Одлуката.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2,

случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/21) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/21).

## <u>Точка 45</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес и Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.97/2021 и У.бр.99/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 13 точките 2, 10, 11, 12, 13 и 15 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразни болести COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020, 269/2020...199/2021) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата Светски македонски конгрес ја оспорува уставноста на членот 13 точките 2, 10, 11, 12, 13 и 15 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020, 269/2020...199/2021) и членот 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 199/2021).
Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020, 269/2020, 275/2020, 287/2020, 292/2020, 298/2020, 304/2020, 306/2020, 317/2020, 13/2021, 45/2021, 53/2021, 55/2021, 58/2021, 64/2021, 65/2021, 75/2021, 87/2021, 94/2021, 100/2021, 106/2021, 109/2021, 113/2021, 116/2021, 119/2021, 126/2021, 133/2021, 139/2021, 141/2021, 146/2021, 153/2021, 162/2021, 176/2021, 187/2021, 193/2021 и 199/2021), во член 13 точката 2., гласи:
„2. Се забранува одржување на спортски настани, тренинзи и натпреварувања во спортски објекти од отворен и затворен тип со присуство на гледачи (публика).
Исклучок од ставот 1 од оваа точка е организирањето, присуството и учествувањето на спортски натпревар кој се одржува со присуство на гледачи (публика) и тоа:
- до максимум 50 % исполнетост од вкупниот капацитет на отворениот спортски објект каде што се одржува натпреварот и
- до максимум 30 % исполнетост од вкупниот капацитет на затворениот спортски објект каде што се одржува натпреварот.
Натпреварите од ставот 2 алинеи 1 и 2 од оваа точка, задолжително се организираат и одржуваат со почитување на растојанието помеѓу официјалните лица на екипите, како

и на другите посетители (гледачи/публика) од најмалку 1,5-2 метри и на растојание од три седишта.
При организирање, присуство и учество на спортските натпревари од ставот 2 алинеи 1 и 2 од оваа точка (пионерски, кадетски, младински и професионални спортски натпревари), учесниците на спортските натпревари (спортисти, членови на стручни штабови на екипите, официјалните лица на спортските федерации и други службени лица), задолжително треба да поседуваат и приложат еден од следните документи:
- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред одигрување на натпреварот, од страна на клубовите;
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусог SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест COVID-19 или
- сертификат/потврда за прележан COVID -19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.
При присуство на спортските натпревари од ставот 2 алинеи 1 и 2 од оваа точка (пионерски, кадетски, младински и професионални спортски натпревари), сите други присутни лица/гледачи/публика, при влез во спортскиот објект каде шго се одржува натпреварот задолжително поседуваат и приложуваат еден од следниве документи:
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку една доза на вакцина против заразната болест COVID-19 или
- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.“.

Точката 10., гласи:
„10. Во сите угостителски објекти и во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и во друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците и во други објекти кои во склоп на истите даваат угостителски услуги прием на посетители и гости и послужување во затворениот дел на објектите се дозволува до најмногу 30 % исполнетост од капацитетот на просторот, а во отворените делови-тераси од угостителскиот објект до најмногу 50 % исполнетост од капацитетот на просторот, како и служење пијалаци во внатрешноста на казината, обложувалниците и автомат клубовите.
Угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) можат да ја организираат работата како ресторани до најмногу 30 % од капацитетот во затворениот дел од угостителскиот објект и до најмногу 50 % од капацитетот на отворениот дел и да организираат свадби со присуство на музичари, согласно соодветниот наменски протокол само на отворените делови-тераси од угостителските објекти, до најмногу 50 % исполнетост од капацитетот на просторот.
Исклучок од став 1 од оваа точка, се угостителските објекти на Меѓународниот аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти“.
Точката 11., гласи:
„11. Се забранува организирање и одржување настани од областа на културата, како и други настани од секаков вид (семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции и слично), во затворениот дел на објектите над 30 % исполнетост од капацитетот на просторот, а над 50 % исполнетост од капацитетот на отворениот дел од просторот каде се одржуваат истите.“

Точката 12., гласи:
„12. Се забранува влез во секаков вид на објекти од отворен и затворен тип, угостителските објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, во

казината и обложувалниците, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и се забранува влез каде шго се одржува настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, рабогилници, конференции, културни или спортски настани), на посетители/гости/ лица, без поседување и приложување на еден од следните документи:
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку прва доза на вакцина против заразната болест COVID-19 и
- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.
Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1 и 2 од оваа точка, не се однесува за лица под 18-годишна возраст.
Наредена мерка од ставот 1 од оваа точка, задолжително се применува и за влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.".

Точката 13., гласи:
„13. Се забранува организација и работа без ангажирање и присуство на редарска служба која при влез во објектот ќе врши проверка на поседувањето и приложувањето на еден од документите утврдени во точка 12 став 1 алинеи 1 и 2 од оваа одлука, во објекти, капацитети, простории кои даваат услуги кон корисници-угостителски објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензински станици, во казина и обложувалници, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителски објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани).
Наредената мерка од став 1 од оваа точка задолжително се применува во оние објекти во кои се присутни повеќе од 30 посетители/гости/лица, како и при влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.
Исклучок од наредената мерка од став 1 од оваа точка, се објектите во кои се присутни помалку од 30 посетители/гости/лица, а проверката на поседување и приложување на еден од документите утврдени во точка 12 став 1 алинеи 1 и 2 од оваа одлука, при влез во објектот, ја врши вработено лице определено од работодавачот."
Точката 15,. гласи:
„15. Се забранува влез на територијата на Република Северна Македонија на домашни и странски државјани, почнувајќи од 1 септември 2021 година, доколку претходно на граничниот премин не приложат еден од следните документи:
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест COVID-19;
- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;
- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез на територијата на Република Северна Македонија или
- негативен резултат од брз тест за антиген, направен 48 часа пред влез на територија на Република Северна Македонија.

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка, не се однесува за лица под 18-годишна возраст.
Државјаните на Република Северна Македонија, кои на граничниот премин нема да приложат еден од документите наведени од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка,

задолжително се упатуваат во домашна изолација во времетраење од седум дена, за што Државниот санитарен и здравствен инспекторат издава решение.
Исклучок од став 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка се сите видови групни или индивидуални патувања или патници кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, за што задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање.“
Членот 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 199/2021), гласи:
„Прилогот број 18., Прилогот број 19., Прилогот број 20., Прилогот број 42., Прилогот број 57., Прилогот број 58., Прилогот број 65. и Прилогот број 78. се заменуваат со нов Прилог број 18., Прилог број 19., Прилог број 20., Прилог број 42., Прилог број 57., Прилог број 58., Прилог број 65. и Прилог број 78., кои се дадени во прилог и се составен дел на оваа одлука.“
Според подносителот на Иницијативата Светскиот македонски конгрес, мерките пропишани во оспорените одредби не се во согласност со:
- членот 8 став 1 алинеите 1, 3 и 11 и став 2 од Амандманот VI, членот 9, членот 10 став 1, членот 11 ставовите 1 и 2, членот 12 ставовите 1 и 2 со Амандманот III, членот 16 став 1, членот 18, членот 25, членот 27, членот 50 став 1, членот 51, членот 54 ставовите 1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија,
- членот 14, членот 153 ставовите 2 и 4 и членот 154 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021 и 178/2021),
- членот 19 став 2 точка 5, членот 21 став 1, членот 32 ставовите 2, 3, 4, 7 и 8, и членот 57 ставовите 1, 5 и 6 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2008, 12/2009, 53/2011, 150/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/2019 и 122/2021),
- членот 5, членот 10 став 1 и членот 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“ бр.258/2010),
- членовите 1, 2, 5, 7, 12, 13, 18 и 19 од Универзалната декларација за човековите права донесена на 10 декември 1948 година од Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации,
- членовите 8 и 14 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи донесена на 4 ноември 1950 година од Парламентарното собрание на Советот на Европа,
- членот 2 од Протоколот број 4 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, донесен на 16 септември 1963 година од Парламентарното собрание на Советот на Европа,
- членот 1 од Протоколот број 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, донесен на 4 ноември 2000 година од Парламентарното собрание на Советот на Европа и
- точките 7.1.5, 7.1.6, 7.3.1 и 7.3.2 од Резолуцијата 2361 (2021) од Парламентарното собрание на Советот на Европа, донесена на 27 јануари 2021 година.
Подносителот на Иницијативата Дарко Јаневски од Скопје ја оспорува уставноста на член 13 точките 11 и 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020, 269/2020, 275/2020, 287/2020, 292/2020, 298/2020, 304/2020, 306/2020, 317/2020, 13/2021, 45/2021, 53/2021, 55/2021, 58/2021, 64/2021, 65/2021, 75/2021, 87/2021, 94/2021, 100/2021, 106/2021, 109/2021, 113/2021,

116/2021, 119/2021, 126/2021, 133/2021, 139/2021, 141/2021, 146/2021, 153/2021, 162/2021, 176/2021, 187/2021 и 193/2021).
Според подносителот на Иницијативата Дарко Јаневски од Скопје, оспорените одредби не се во согласност со членовите 18 и 25 од Уставот.
2. Во членот 27 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено:
„Член 27
Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.
Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.
Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.“
Членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија вели:
„Член 39
На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.
Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.“
Во член 55 од Уставот на Република Северна Македонија е предвидено:
„Член 55
Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.
Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.
Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.“
Со член 28 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/2020), е предвидено:
„Член 28
Лицата кои се заболени од заразни болести кои можат непосредно да се пренесат на други лица се изолираат во текот на лекувањето. Лицата заболени од колера, цревен тифус и паратифус, чума, антракс, бруцелоза туберкулоза, лепра, тетанус, дифтерија, менингококна болест, гасна гангрена, болеста од ХИВ, легионерска болест, повратна треска, пегав тифус, Брил-Зинцерова болест, детска парализа, беснило, вирусен енцефалит пренесен со крлежи, други вирусни енцефалити, жолта треска, хеморагични трески, маларија и лајшманија за задолжително се лекуваат во здравствени установи за лекување на заразни болести.
Лицата заболени од коронавирус COVID-19 задолжително се лекуваат во јавни здравствени установи.
По исклучок од ставот 3 на овој член, лицата заболени од коронавирус COVID-19, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија или во домашни услови, доколку за тоа постојат услови.
Доколку во јавните здравствени установи од ставот 3 на овој член, се исполнети капацитети за лекување на лицата заболени од коронавирус COVID-19, доколку кај лицата примени во приватната здравствена установа во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот SARS-CoV-2 вирус за заразната болест коронавирус COVID -19 во нивниот организам, како и во други случаи (недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавната здравствена установа и слично), по претходно дадена согласност од страна на

Министерството за здравство, лекувањето на лицата може да се врши и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија.
Заради спречување на ширењето и сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID -19 и заштита на населението, можат да се наредат следниве времени мерки:

1. носењето лична заштита на лицето (респираторна маска, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично) при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни инстигуции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени установи и слично), освен:

- при спортување на отворен простор или на затворено со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
- при возење во приватно патничко моторно возило ако возачот е сам или со лице/лица со кој/коишто живее во заедница;
- при престојување во двор на семејна куќа, сам или со лице/лица со кој/коишто заедно живеат во заедница;
- при седење во угостителски објект со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
- ако се користи друг тип на заштитна опрема специфична за определено работно место;
- ако лицето е помладо од шестгодишна возраст (дете) и
- ако лицето има специфична здравствена состојба, е лице со посебни потреби или е лице со пречки во развој поради што носењето на лична заштита на лицето би било проблематично или контраиндицирано.

2. задолжителна самоизолација при тестирање за коронавирус COVID-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен;

3. забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонокието и

4. други мерки утврдени со Закон.
Мерките од ставот 6 на овој член траат додека постои опасност од ширење на епидемијата.
Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство одлучува кои од мерките од ставот 6 на овој член ќе се применат, случаите во кои ќе се применат и за кој временски период.
Во здравствените установи за лекување на заразните болести задолжително се изолираат и лицата за кои се сомнева дека боледуваат од колера, чума, вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Marburg), детска парализа и дифтерија.
За заболени од белодробна чума и вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Mar-burg) кои се пренесуваат од човек на човек, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин).
Лицата кои се заболени од други заразни болести, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во други здравствени установи или домашни услови, доколку за тоа постојат услови.“
Во член 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести е пропишано:
„Член 58

Кога со мерките пропишани со овој закон не е можно во Република Македонија да се спречи внесување и ширење на одредени заразни болести, Владата на Република Македонија на предлог на Министерството може да ги нареди следниве мерки:
1) да одреди услови за патување, како и мерки и услови при враќање од држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
2) да забрани патување во држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
3) да воспостави посебен режим на движење или да забрани движење на населението во заразените, односно загрозените подрачја;
4) да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места, додека трае опасноста од ширење на заразната болест;
5) да ограничи или забрани промет на одделни видови на стоки и производи и
6) други мерки пропишани со овој закон.“
3. Согласно претходното, Уставот на Република Северна Македонија гарантира слободи и права на граѓаните, но истовремено предвидува и исклучоци со кои се ограничуваат истите заради заштита на здравјето на луѓето. Во оваа насока е и уставната одредба која предвидува право, но и должност на граѓанинот да го чува и унапредува не само сопственото здравје, туку и здравјето на другите.
Токму заради операционализација на овие одредби од Уставот со Законот за заштита на населението од заразни болести е предвидена можноста заради заштита на здравјето на луѓето да се преземат мерки кои иако значат ограничување на некои слободи и права на граѓаните, немаат за цел ограничување на слободиге и правата на граѓаните туку се оправдани заради заштита на здравјето на граѓаните.
Оттука, оспорената Одлука е само примена на горенаведените одредби во конкретна ситуација кога се исполнети сите услови за определување на мерките предвидени со Одлуката.
***
Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 13 точките 2, 10, 11, 12, 13 и 15 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена (Службен весник на Република Северна Македонија бр.263/2020, 269/2020...199/2021) и членот 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 199/2021) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 13 точките 2, 10, 11, 12, 13 и 15 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена (Службен весник на Република Северна Македонија бр.263/2020, 269/2020...199/2021) и членот 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена (Службен весник на Република Северна Македонија бр.199/2021) поднесена од Светскиот македонски конгрес и да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 точките 11 и 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени

мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020, 269/2020, 275/2020, 287/2020, 292/2020, 298/2020, 304/2020, 306/2020, 317/2020, 13/2021, 45/2021, 53/2021, 55/2021, 58/2021, 64/2021, 65/2021, 75/2021, 87/2021, 94/2021, 100/2021, 106/2021, 109/2021, 113/2021, 116/2021, 119/2021, 126/2021, 133/2021, 139/2021, 141/2021, 146/2021, 153/2021, 162/2021, 176/2021, 187/2021 и 193/2021), поднесена од Дарко Јаневски од Скопје.

## Точка 46

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здружението „Центар за напредни истражувања“ од Скопје, преку проф. д-р Темелко Ристески како овластено лице, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.116/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 136 став 7 и член 187 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со Иницијатавата за уставноста на член 136 став 7 од *Законот за високото образование, не е повреден член 44 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, со образложение дека студиски програми од трет циклус на докторски студии смеат да организираат само универзитетите кои се рангирани во првите седум високообразовни установи да организираат докторски студии, доколку лицето, односно менторот е избран од друга високообразовна установа, а не е во листата на првите седум високообразовни установи кои можат да организираат студии од трет циклус на докторски студии, за да можат тие високообразовни установи да акредитираат ментори за трет циклус на студии кои воедно би се избрале за ментори и во други високообразовни установи.

Исто така, доколку високообразовната установа поседува акредитација за организирање на трет циклус на студии, односно решение за почеток со работа за трет циклус на докторски студии, при самата акредитација на студиска програма, високообразовната установа ги акредитира и менторите коишто согласно *Законот за високото образование можат да бидат избрани за ментор на кандидатите во установата каде што имат работен однос.

Во врска со уставноста на член 187 став 2 се смета дека не е повреден член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, повикувајќи се на член 7 и 8 од *Законот за високото образование, се смета дека во спротивно ќе се повредат гореспоменатите одредби од *Законот за високото образование, односно автономијата на високообразовните установи:
Член 7 од *Законот за високото образование, гласи:
(1) Високото образование во Република Македонија се темели на автономија, во согласност со Уставот на Република Македонија, со ратификуваните меѓународни договори и со овој закон.
(2) Високообразовните установи ја вршат својата дејност врз начелото на академската автономија.
(3) Автономијата на високообразовните установи ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во којашто дејствуваат.
(4) Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

(5) Автономијата на високообразовните установи вклучува академска слобода, автономија на управувањето, неповредливост на просторот, финансиска автономија, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата.
(6) Автономијата на високообразовните установи ужива судска заштита високообразовната установа има право да покрене постапка пред надлежен суд во случај на нејзина повреда.
Член 8 од *Законот за високото образование гласи:
(1) Академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница и опфаќа:
1. слобода на изразување, негување и поттикнување на критичка мисла и свест кај членовите на академската заедница;
2. слобода во научноистражувачката работа, во уметничкото создавање, во примената и посредување на знаењето;
3. самостојно уредување на внатрешната организација и работењето со статут, донесен во согласност со закон;
4. слобода на изведување на наставата, спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештво и применувачка дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања;
5. слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите;
6. слобода на избор на студиските програми, во утврдувањето на содржината и на соодносот на задолжителните и на изборните наставни предмети, содржината на наставните предмети и во подготвувањето и избор на учебници и други учебни помагала;
7. слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини;
8. утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование;
9. подготвување, усвојување и остварување на научноистражувачки програми и уметнички проекти и применувачка работа;
10. доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули;
11. определување посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања и
12. избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека не се повредени членовите 44 став 2, член 47 став 1 и член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија со образложение дека *Законот за високото образование е гаранција за автономијата за високообразовните установи (јавни и приватни).

## <u>Точка 47</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Мустафа Салиу од с.Житоше, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 59-б став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 59-б од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020):

„(1) Вработените во средните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста средно образование имаат статус на административни службеници“.

Согласно наведениот член од Законот за средното образование, а тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на воспитно-образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува воспитно-образовната дејност во средното училиште, а во тие рамки да се утврдат и одредени критериуми кои треба да ги исполнуваат лица на работни места на административни службеници.

При тоа уредено е во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20) во член 3:

„(1) Административен службеник е лице кое засновало работен однос заради вршење на административни работи во некоја од следниве институции:

- органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон и

- институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје“.

„(2) Во зависност од институцијата во која е вработен, административниот службеник може да биде:-државен службеник, односно друг вид на службеник утврден со посебен закон во институциите од ставот (1) алинеја 1 на овој член или-јавен службеник во институциите од ставот (1) алинеја 2 на овој член“.

Согласно наведеното, законодавецот прецизирал дека за административни службеници во средните училишта се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

Согласно член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија: одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Имајќи предвид дека со одредбите од членот 59-б од Законот за средното образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр. 229/2020, не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/2021 од 25 октомври 2021 година.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.85169, за КО Ѓорче Петров 5 Лепенец, на КП бр. 2599, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на недвижен имот на КП бр.518, дел 1 со Имотен лист бр.1261 за КО Трново, викано место/улица Село и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 50**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Магдалена Ордева од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.23422 за КО Велес на КП бр.16957 викано место/улица Раштански пат, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје да достават мислења по Понудата.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.107959, за КО Бутел, на КП бр.5561/3, викано место/улица Хо Ши Мин и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10364 за КО Чардаклија, на КП бр.2261/1, Викано место/улица Село и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1134 и Имотен лист бр.1026 за КО Чучер Сандево-вон град за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Агенцијата за управување со одземен имот да достави мислење по истото.

**Точка 54**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1190, КП бр.50 за КО Никиштане за наредната седница на Владата, поради потребата Агенцијата за управување со одземен имот да достави мислење.

Материјалот претходно да се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 55**

Владата го разгледа Известувањето И.бр.1160/2020 од извршител Васко Блажевски од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.14453 за КО Кочани и по истото го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, Скопје.

**Точка 56**

1. Владата го именува Костадин Петров, досегашен вршител на должноста директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, за вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Сретен Стојковски, досегашен вршител на должноста директорот на Државниот инспекторат за животна средина, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја назначи Ардита Абази-Имери, за член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите.

4. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. за в.д заменик на директорот на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. да го именува Самка Ибраимовски.

5. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на еден член на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење

во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 6 ноември 2021 година до 12 ноември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 4 ноември 2021 година до 10 ноември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата го разгледа Известувањето во врска со реакција на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество на планирањето средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации во Предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и ги задолжи д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и претставник од Секретаријатот за европски прашања да одржат состанок со невладините организации на кој е потребно на присутните претставници да им ги објаснат сите детали околу распределбата на средствата од Предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации и дека распределбата ќе биде на истиот начин како и досега, со таа разлика што од оваа година средствата се предвидени во Предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, како негова ресорна надлежност.

4. Владата по Барањето за изменување на заклучоците од 116-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 октомври 2021 година во однос на Информацијата во врска со Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври-Еурокомпозит АД Прилеп (точка 3), заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1) Се укажува на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври“-Еурокомпозит АД Прилеп да поднесе барање за изготвување на ревизорски извештај до овластен ревизор/ревизорска куќа.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во име и за сметка на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври“-Еурокомпозит АД Прилеп, да го надомести трошокот за изготвување на ревизорски извештај, со оглед дека Владата на Република Северна Македонија е единствен сопственик на Друштвото.

3) Се укажува на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври“-Еурокомпозит АД Прилеп да ја изготви годишната сметка за 2019 година и да ја поднесе до Централниот регистар на Република Северна Македонија заедно со изготвениот ревизорски извештај.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во име и за сметка на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври“-Еурокомпозит АД Прилеп, да изврши уплата на надомест во износ од 60.001,00 денар (за внесување и обработка на податоци од годишна сметка на средни и големи субјекти доставена во хартиена форма, примена во регистарот на други правни лица до 31 декември) на Централниот регистар на Република Северна Македонија, согласно тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија со цел отстранување на причините поради кои е поведена постапката на бришење (Изготвување на годишната сметка за 2019 година со ревизорски извештај и уплата на надомест согласно Тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија на износ од 60.001,00 денар.).“.

5. Владата заклучи, да се измени Заклучокот од 118-та седница на Владата, донесен во т.30 Прашања и предлози, со кој се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор за ангажман на двајца правни консултанти заради имплементација на проекти на ЕУ за потребите на Министерството за локална самоуправа, во смисла наместо „двајца правни консултанти“ да биде „еден правен консултант“.

**Точка 58**

Владата го разгледа Планот за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземени мерки и активности за спречување на понатамошенископ на песок од коритото на реката Вардар на потегот од село Уланци до село Криволак, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за Национална програма за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите во Република Северна Македонија-Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021-2023, со Национална програма, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за одложување, односно нереализирање на проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во период од 1 јули до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другиот сосопственик на деловниот простор и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другиот сосопственик на деловниот простор, во предложениот текст доколку Државното правобранителство на Република Северна Македонија достави позитивно мислење по истата.

**Точка 64**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (моторни возила) (ЈЗУ Здравствен дом-Куманово), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата по Барањето за донесување одлуки за продажба на движни ствари (железо и оловни акумулатори), со предлог-одлуки ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (стари оловни акумулатори).

2. Одлуката за продажба на движни ствари [отпадок од железо/лим (плех) со дебелина до 3 мм].

3. Одлуката за продажба на движни ствари (отпадок од железо со дебелина од 6 мм и повеќе).

4. Одлуката за продажба на движни ствари (отпадок од железо со дебелина од 3 до 6 мм), во предложените текстови.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (разна опрема) и ја донесе Одлуката со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (опрема), во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение-Извиднички одред ,,Наум Наумовски-Борче“-Крива Паланка (разна опрема) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 69**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за измена на Одлуката за продажба на деловен простор даден на трајно користење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за

Републиката -Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.804), во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го разгледа Барањето за пренамена на средства од блок дотации од Програмата Н2 (средно образование) на Програмата Н1 (основно образование) во износ од 3.000.000,00 денари, со Одлука за давање согласност за користење на средства од сметка блок дотација од Програма Н2 и Програма Н1, донесена од Советот на Општина Делчево и даде согласност на истото.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за пренамена на средства во висина од 2.128.920 денари од проектот ,,Доводен цефковод за технолошка вода во индустриска зона во Неокази'' за проектот ,,Изградба на атмосферска канализација на дел од улица Миро Барага во Пробиштип во должина од 500 метри'', ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да склучи договор со Општина Пробиштип за уредување на односите помеѓу Општина Пробиштип и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 73**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со анализата за потребата од нови центри за вработување во Општина Теарце, Општина Боговиње и Општина Желино за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата истата да се дополни со податоци за потребата од отварање на нови центри за вработување и во други региони во Република Северна Македонија како и да се извршат дополнителни координации со Министерството за труд и социјална политика.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање службени простории на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија на наредната седница на Владата да достави информација за можноста за отстапување на простории во некои од објектите кои се во државна сопственост, за потребите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија.

**Точка 75**

Владата го разгледа Барањето за давање на трајно користење на објект сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и го задолжи АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за наредната седница на Владата да достави информација со податоци за формално правниот статус на наведениот објект.

**Точка 76**

Владата го разгледа Барањето од Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ-Скопје за користење на дополнителни финансиски средства за режиски трошоци и заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии при прераспределбата на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите да ги обезбедат потребните средства за оваа намена.

**Точка 77**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Берово (разна стока), во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (Имотен лист бр.450, КО Охрид 3), во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година и условно ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година, со заклучок предлагачот да ги коригира износите во Програмата согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 81**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за донесување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го симна од дневен ред Барањето доставено од Бошњачки национален совет за покровителство по повод „28 Септември-Денот на Бошњаците“, со финансиска конструкција.

**Точка 83**

Владата го разгледа Барањето за доделување на земјиште (за гробни места) од Република Северна Македонија за потребите на локалната самоуправа на Општина Росоман, под архивски број 09-434/1 од 29.9.2021 година и заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја извести Општина Росоман за начинот и постапката за давање на право на трајно користење на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија на општините, заради изградба на гробишта, согласно Законот за градежно земјиште.

**Точка 84**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година, поради потребата Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините да достави ново мислење по Предлог-уредбата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20 kV воздушен вод од ТС МХЕ 145 до ТС 35/20 (10) kV КО Говрлево, КО Осинчани, КО Маркова Сушица и КО Долно Соње, Општина Сопиште и Општина Студеничани, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави ново мислење по материјалот.

**Точка 87**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс-Фарма за одгледување на стока и придружни објекти КО Пекљани, Општина Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс-Фарма за одгледување на стока и придружни објекти КО Пекљани, Општина Виница, во предложениот текст.

## Точка 88

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 со придружни објекти КО Елово и КО Цветово, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави ново мислење.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с.Беловодица-Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен камен“ с.Беловодица-Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино (нов текст), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, во предложениот текст.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“ с.Доброшинци-Општина Василево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“ с.Доброшинци, Општина Василево, во предложениот текст.

## Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево 4/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.86/21), со Предлог-одлука и не ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-варовник на Друштвото за производство трговија и услуги Портланд-опц ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево.

Истовремено, се задолжува Министерството за економија повторно да објави Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево.

**Точка 93**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница, поради потребата нови мислења да достават Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски и Општина Виница, а предлагачот да изврши нов увид, како и да достави уверение за платени јавни давачки на Друштвото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица 3/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/21), со Предлог-одлука и не ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-варовник на Друштвото за производство трговија и услуги Портланд-опц ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица.

Истовремено, се задолжува Министерството за економија повторно да објави Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица.

**Точка 95**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за превоз, трговија и услуги Раг-Компани ДООЕЛ експорт-импорт с.Вешала, Тетово на локалитетот „Прибачево“, Општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за превоз, трговија и услуги Раг-Компани ДООЕЛ експорт-импорт с.Вешала Тетово на локалитетот „Прибачево“, Општина Кочани, имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за води и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -варовник на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште, Општина Долнени 7/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/21), со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата, го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавниот повик за доделување на концесија за детални

геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште, Општина Долнени 7/2021, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/21 и ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина -варовник на Друштвото за производство, промет и услуги Микро фикс увоз-извоз ДООЕЛ с.Дебреште, Долнени, на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште, Општина Долнени, во предложениот текст.

**Точка 97**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за укинување на увозните давачки-царинските стапки при увоз на едра и едрилици, во предложениот текст.

**Точка 98**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-фелдспат на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово поради потребата предлагачот од Управата за јавни приходи да обезбеди Уверение за платени давачки спрема државата од страна на Акционерското друштво за неметали Огражден АД Струмица и истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 99**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги Премиум минерали ДТ ДОО увоз-извоз Куманово, во предложениот текст.

**Точка 100**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“ с.Липково, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 101**

Владата го разгледа Барањето на Демир Шуаре, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 102**

Владата го разгледа Барањето на Џеват Џафче, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 103**

Владата го разгледа Барањето на Мејсут Бојда и Ирфана Бојда, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 104**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од подготовка на Програма за изменување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, со Програма за изменување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година и притоа ги усвои Информацијата и Програмата за изменување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Раздел 19101-Министерство за локална самоуправа, Програма 4-Активности поврзани со децентрализација. Потпрограма 40-Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464-Разни трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за поддршка на имплементација на Стратегијата за Ромите со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 106**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, со Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати најновиот текст на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година.

**Точка 107**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (книги), во предложениот текст.

**Точка 108**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги), во предложениот текст.

**Точка 109**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (книги), во предложениот текст.

**Точка 110**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 111**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 112**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 113**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за завршување на процесот на воено пристапување и интеграција на Република Северна Македонија во Организацијата на Северноатлантскиот договор, како материјал за информирање.

**Точка 115**

